# ЗАПИСНИК

Од одржаната **21-ва седница на Советот на Општина Новаци** одржана на ден **27.12.2022** година со почеток во **12.00** часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот на општина Новаци:
Славица Најдовска-Стојковска, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Љупчо Петровски, Сузана Јовановска, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата се присутни вработени во Општина Новаци: Градоначалник Стевче Стевановски, Оливера Димитровска – раководител, Летка Јовановска - раководител, Анета Киселоска – раководител, Николина Лозановска – соработник,

Гости: Александар Стефановски-директор на ЈПКД„ Комунална Хигиена“-Новаци, Марина Кузмановска-директор на ЈОУГД „Бамби“-Новаци и Зоран Алексовски-В.Д. Директор на МЈП „Пелалинк“-Битола.

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

**1**.Разгледување и усвојување на Записникот од 20-та седница na Совет на Општина Новаци;
**2**.Разгледување и одобрување на Буџетски календар за 2023 год.;
**3.**Разгледување на Предлог-Буџетот на Општина Новаци за 2023 год., усвојување на Буџет на Општина Новаци за 2023 год., и донесување на Одлука;
**4**.Разгледување на Образложение на Буџетот на Општина Новаци за 2023 год.;
**5.**Разгледување на Одлука за одредување на вредноста на бодот за државните службеници за 2023 год.;
**6.**Разгледување на Одлука за одредување на вредноста на бодот за техничкиот персонал за 2023 год.;
**7.**Разгледување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 год.;
**8.**Разгледување и донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Р.С.М. на подрачјето на Општина Новаци за 2023 год.;
**9.**Разгледување и донесување на Програма одржување на локалните водоводи во Општина Новаци за 2023 год.;
**10**.Разгледување и донесување на Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини на територијата на Општина Новаци за 2023год.;
**11.**Разгледување и усвојување на Програма за работа на Јавното претпријатие за Комунални Дејности „ Комунална Хигиена “– Новаци за 2023 год.;
**12.**Разгледување и усвојување на Годишен план за јавни набавки на ЈПКД „Комунална Хигиена“ – Новаци за 2023 год.;

Пред гласање на Дневниот ред на 21–та Седница на Советот на Општина Новаци, Градоначалникот Стевче Стевановски им предложи на советниците дополнување на Дневниот ред со 8 точки кои неодложно треба да се разгледуваат на оваа седница:

**1.**Разгледување на Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за престојување на претставници од Општина Дуги Рад, Република Хрватска во Општина Новаци;
**2**.Разгледување на Предлог-Програма за еднакви можности за 2023год.;

**3.**Разгледување на Барање за финансиски средства за подмирување на долг по основ на краткорочен кредит од ЈПКД „Комунална Хигиена“– Новаци;
**4.**Разгледување на Предлог-Одлука за субвенционирање на линии од Општинскиот линиски превоз на патници во Општина Новаци за 2023г.;
**5**.Разгледување на Предлог-Одлука за Општински линиски превоз на патници во Општина Новаци;
**6.**Разгледување на Предлог-план за работа за 2023г. со финансиски дел на Меѓуопштинско Јавно Претпријатие „ Пелалинк“ – Битола;
**7.**Разгледување на финансиска распределба на средства на ЈОУГД „Бамби“–Новаци за период од 01.01.2023 - 31.12.2023г.;
**8.** Разгледување на Предог-Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола.

Претседателката на Советот Славица Најдовска-Стојковска предложи да се прифати дополнувањето на Дневниот ред со предложените 8 точки и тоа последователно по ред како што се наведени точките во Дневниот ред, односно да продолжат како 13,14,15,16,17,18,19 и 20 точка.

Предлогот за дополнетиот Дневен ред беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **9 гласа за.**

1. **точка**: **Разгледување и усвојување на Записникот од 20-та седница на Совет на Општина Новаци**

По разгледувањето, Записникот од 20-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2. **точка: Разгледување и одобрување на Буџетски календар за 2023 год.;**

Оливера Димитровска – раководител на одд. за финансии детално според оддредена временска рамка ја образложи хронологијата на буџетските активности во Буџетскиот календар за 2023г. пред советниците.

Советот на Општина Новаци гласаше и со **9 гласа за** донесе Буџетски календар за 2023 год. на Општина Новаци.

3. **точка: Разгледување на Предлог-Буџетот на Општина Новаци за 2023 год., усвојување на Буџет на Општина Новаци за 2023 год., и донесување на Одлука**

Оливера Димитровска – раководител на одд. за финансии по однос на оваа точка пред советниците даде објаснување за вкупните приходи во Буџетот на општина Новаци за 2023год. кои изнесуваат 162.602.427,00 ден. Новина е тоа што се предвидува субвенција за МЈП „Пелалинк“ Битола во висина од 1.500.000,00 ден и тоа што субвенционирањето за секое новородено дете и секое прваче се зголемува во однос на минатата година (6.000,00 ден) и ќе изнесува 7.000,00 ден.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Буџет на Општина Новаци за 2023 год. и Одлука за донесување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година.

4. **точка: Разгледување на Образложение на Буџетот на Општина Новаци за 2023год.**

По однос на четвртата точка збор зеде Оливера Димитровска – раководител на одд. за финансии која пред советниците детално го образложи Буџетот на Општина Новаци за 2023г. во однос на планирани извори на приходи од кои ќе се финансираат расходите на Општина Новаци. Приходите се планирани согласно законските рамки и наплатата од изворни приходи и дотации од Буџетот на Р.С.Македонија додека планираните расходи на Општина Новаци за 2023г. изнесуваат 165.602.427,00 ден. при што се запазува буџетското правило на балансирани приходи и расходи.

5. **точка: Разгледување на Одлука за одредување на вредноста на бодот за државните службеници за 2023 год.**

По однос на оваа точка, советниците ја разгледаа Одлуката за одредување на вредноста на бодот за државните службеници која изнесува 81,6 ден. и се донесува секоја година со почеток на важност од месец јануари 2023г.

Советот на Општина Новаци со **<u>9 гласа за</u>** донесе Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година.

6. **точка: Разгледување на Одлука за одредување на вредноста на бодот за техничкиот персонал за 2023 год.**

Како и предходната точка и за оваа точка советниците ја разгледаа Одлука за вредноста на бодот за платата на техничкиот персонал која изнесува 76,19 ден.

Советот на Општина Новаци со **<u>9 гласа за</u>** донесе Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на помошно технички лица во општинската администрација.

7. **точка: Разгледување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 год.**

Советниците ја разгледаа Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 год. со која се прецезира начинот на извршување на средствата утврдени во Буџетот на Општина Новаци за 2023г., начинот на пренамена во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници и се даваат јасни насоки и правила на постапување на засегнатите страни по принципот на доследно почитување на буџетските начела.

Советот **<u>едногласно</u>** донесе Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година.

8. **точка: Разгледување и донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Новаци за 2023 год.**

Летка Јовановска–раководител на одд. за животна средина, урбанизам, сообраќај и комунални дејности, пред советниците даде објаснување дека во Програмата се предвидува предмет на располагање, управување и менаџирање со градежно земјиште кое е во сопственост на Р.С.Македонија да бидат градежни парцели што се наоѓаат на територија на Општина Новаци во населените места Зовиќ, Старавина, Новаци и Градешница за време на календарската 2023год.

По разгледување на Програмата, Советот на Општина Новаци со **<u>9 гласа за</u>** донесе Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Р.С. Македонија на подрачјето на Општина Новаци за 2023 год.

9. **точка: Разгледување и донесување на Програма одржување на локалните водоводи во Општина Новаци за 2023 год.**

Директорот на ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци, Александар Стефановски пред советниците ја образложи Програмата со која се утврдуваат обемот на работите и средствата за одржување на локалните водоводи. Советниците ја разгледаа Програмата за чија реализација во 2023г. ќе се издвојат финансиски средства во висисна од 731.000,00 ден. од Буџетот на Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **<u>9 гласа за</u>** донесе Програма одржување на локалните водоводи во Општина Новаци за 2023 год.

10. **точка: Разгледување и донесување на Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2023 год.**

По однос на оваа точка Директорот Александар Стефановски им ја презентираше Програмата со која се утврдуваат територијата, распоредот и одржувањето на јавните површини, паркови, зеленило и рекреативни површини ( метење и миење) како и чистење на снег и мраз во зимските услови. За реализирање на Програмата за 2023г. потребен е буџет од 4.151.124,00 ден.

По разгледување на Програмата се разви дискусија меѓу советниците во кој на директорот Стефановски му беше потенцирано во 2023г. да се посвети повеќе внимание на одржувањето на јавната чистота во другите населени места во опшптина Новаци, а не само во административниот центар т.е.во село Новаци.

Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Програма за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2023 год.

11. **точка: Разгледување и усвојување Програма за работа на Јавното претпријатие за Комунални Дејности „ Комунална Хигиена "– Новаци за 2023 год.**

Директорот Стефановски за единаесетта точка зеде збор и во кратки црти ја презентираше Програмата за работа на ЈПКД „Комунална хигиена" Новаци во која е наведена главна дејност е собирање и транспортирање на комунален и друг вид на неопасен отпад, но врши и други дејности предвидени со Статутот како што се одржување на водоводи и локални водоводни мрежи, одржување и прочистување на атмосверска и фекална канализација, работи и услуги од нискоградба и градежништво, уредување и одржување на јавни површини, одржување на локални патишта во зимски услови и други активности кои Општина Новаци како основач ќе ги наложи од ЈПКД „Комунална хигиена" – Новаци. За реализирање на планираните активности ЈПКД „Комунална хигиена" – Новаци потребни се 11.950.000,00 ден од кои 2.200.000,00 ден се обезбедени од сопствени приходи, додека 9.750.000,00 ден. се средства обезбедени од Буџетот на Општина Новаци.

По презентирањето се разви дискусија меѓу советниците, по што Советот на Општина Новаци **со 7 гласа за и 2 гласа воздржани** донесе Одлука за давање на Согласност на Годишната програма за работа на ЈПКД „Комунална хигиена" Новаци за 2023 година.

12. **точка: Разгледување и усвојување на Годишен план за јавни набавки на ЈПКД „Комунална Хигиена" – Новаци за 2023 год.**

Советот на Општина Новаци по разгледување на Годишен план за јавни набавки на ЈПКД „Комунална Хигиена"–Новаци за 2023 год., со **7 гласа за и 2 гласа воздржани** донесе Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за јавни набавки на ЈПКД "Комунална хигиена" Новаци за 2023 година.

13. **точка: Разгледување на Предлог–Одлука за одобрување на финансиски средства за престојување на претставници од Општина Дуги Рад, Република Хрватска во Општина Новаци**

Градоначалникот Стевановски им објасна на советниците за најавената посета на претставници од збратимената Општина Дуги Рад, Р. Хрватска кои ќе престојуваат во Р.С. Македонија во период од 17 до 20 јануари 2023г.

Советот гласаше и со **8 гласа за** донесе Одлука за одобрување на финансиски средства за престојување на претставници од Општина Дуги Рад, Република Хрватска во Општина Новаци.

**14. точка: Разгледување на Предлог-Програма за еднакви можности за 2023г.**

По однос на оваа точка советниците ја разгледаа Програмата која опфаќа активности од областа на родовата еднаквост и недискриминација, иницијативи и акции кои ќе водат кон унапредување на положбата на мажите и жените и заштита од дискриминација.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Програма за еднакви можности за 2023г.

**15. точка: Разгледување на Барање за финансиски средства за подмирување на долг по основ на краткорочен кредит од ЈПКД „Комунална Хигиена"–Новаци.**

Директорот на ЈПКД „Комунална Хигиена"–Новаци, А. Стефановски пред советниците објасна дека Претпријатието има обврска за исплата на краткорочен кредит во износ од 2.925.000,00 ден. земен од Стопанска банка А.Д. Битола на 12.09.2018 година и кој Претпријатието има обврска да го исплаќа на годишно ниво во износ од 230.000,00 ден. Бидејки Претпријатието се наоѓа во тешка финансиска состојба во моментот не е во можност да изврши исплата на истиот. Затоа го поднесува ова барање до Градоначалникот и Советот на Општина Новаци. По неговото излагање се разви дискусија во која Претседателката Најдовска-Стојковска побара од Директорот да објасни за што се искористени парите од кредитот. Во присуство на Гордана Нешковска, вработена во ЈПКД„ Комунална Хигиена"–Новаци како книговодител, Стефановски одговори дека со тие средства се подмирени неодложни трошоци, заостанати долгови и неисплатени плати на вработените. Ваквата состојба на претпријатието според Стефановски настана поради тоа што Општина Новаци наместо 11.000.000,00 ден., на претпријатието во 2022г. му исплати 8.000.000,00 денари. Разликата од 3.000.000,00 ден. се покриени од кредитот кој е тема на дискусија.

По дискусијата Претседатеката на Советот на Општина Новаци им предложи на советниците за одложување на оваа точка поради недостиг на дополнителни неопходни информации.

Овој предлог беше ставен на гласање така што Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** го прифати Предлогот за одложување на разгледување на Барањето за финансиски средства за подмирување на долг по основ на краткорочен кредит од ЈПКД „Комунална Хигиена"–Новаци до моментот кога ќе се обезбедат потребните дополнителни информации.

**16. точка: Разгледување на Предлог- Одлука за субвенционирање на линии од општинскиот линиски превоз на патници во Општина Новаци за 2023г.**

В.Д. Директорот на Зоран Алексоски им појасни на советниците дека со оваа Одлука се уредува и регулира начинот и постапката за остварување на субвенции во општинскиот линиски превоз на патници кое ќе се врши на линии кои сообраќааат до/од руралните места (Новаци-Далбеговци, Гермијан-Брод, Новаци-Рапеш, Новаци- Гнеотино)во Општина Новаци во 2023г. Субвенционирањето ќе се врши на месечно ниво за секоја линија посебно и ќе изнесува 29,00 ден. по изминат километар. За граѓаните кои ќе го користат овој превоз на соодветните релации нема да им се наплатува билет по цени повисоки од цените определени со тарифниот систем. Според В.Д. Директорот висината на субвенционирањето е одредена според моменталната цена на трошоците (трошок за гориво, плата за шофери, трошок за вадење на лиценци, административни трошоци за функционирање на претпријатието и сл.)

Советот на општина Новаци со **8 гласови за** донесе Одлука за за субвенционирање на линии од Општинскиот линиски превоз на патници во Општина Новаци за 2023 година.

**17. точка: Разгледување на Предлог-Одлука за Општински линиски превоз на патници во општина Новаци**

По однос на оваа точка В.Д. Директорот Зоран Алексоски им образложи на советниците дека со оваа одлука се уредува општинскиот линиски превоз на патници со возни линии кои

го поврзуваат седиштето на општината со другите населени места во општината со следните линии Новаци-Далбеговци, Гермијан-Скочивир, Новаци-Рапеш.
Во одлуката се уредува мрежа на линии, возниот ред, тарифен систем, автобуски стојалишта, постапка за издавање и одземање на дозвола, надзор и сл. Исто така Алексоски на советниците им ја објасна разликата меѓу линиски (превоз на ученици и други патници) и посебен превоз (превоз наменет иклучиво за ученици). По неговото излагање се разви дискусија во која советникот Иван Котевски постави прашање: Ако за село Скочивир има помалку патници дали тоа значи дека таа возна линија ќе се укини? Директорот одговори дека во почетокот се планирани наведените линии доколку има потреба можат да се воведат нови линии. Моменталните линии ќе се одржуваат од понеделник до петок во периодот од 01.09. до 31.12 и од 20.01 до 10.06.

По дискусијата Советот на Општина Новаци гласаше и со **8 гласови за** донесе Одлука за Општински линиски превоз на патници во Општина Новаци.

**18. точка: Разгледување на Предлог-план за работа за 2023г. со финансиски дел на Меѓуопштинско Јавно Претпријатие „ Пелалинк“ Битола**

В.Д. Директорот на Зоран Алексоски го објаснување Планот за работа на МЈП „Пелалинк“ за 2023г. во кој се опфатени возните линии, возниот ред и финансискиот дел за реализација на превозот во трите општини (Новаци, Могила и Битола) кои се основачи на Меѓуопштинското јавно претпријатие „Пелалинк“-Битола. Но исто така нагласи дека со започнувањето со работа на Претпријатието можно е корекција на цените и планот за работа во делот на горивата, услугите и трошоците.

По разгледувањето, Советот на Општина Новаци со **6 гласа за и 2 гласа воздржани** донесе Одлука за давање на Согласност на Планот за работа на Меѓуопштинското јавно претпријатие ’’Пелалинк“ Битола за 2023 година.

**19. точка: Разгледување на финансиска распределба на средства на ЈОУГД „Бамби“–Новаци за период од 01.01.2023 - 31.12.2023г.**

По однос на оваа точка Директорката на ЈОУДГ „Бамби“–Новаци пред советниците им го одјасна Буџетот на јавната установа за 2023г. кој изнесува 4.246.000,00 ден. добиени од Буџетот на Р.С.Македонија и 552.000,00 ден. од сопствени приходи. Најголем дел од финансиите се распределени за плати и придонеси на вработените, потоа за прехрамбени продукти и пијалоци како и за комунални услуги и греење.

По нејзиното излагање Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за давање на Согласност на Финансиска распределба на средства на ЈОУДГ ’’Бамби“ Новаци за период од 01.01.2023-31.12.2023 година.

**20. точка: Разгледување на Предог-Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола**

По однос на оваа точка Советот ја разгледа Предлог-Одлуката со која се продолжува меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола воспоставена од 2018 година, а се однесува за вршење на противпожарна заштита, што ја врши ТППЕ-Битола на територија на Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за продолжување на воспоставената меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Новаци и Општина Битола

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

____________________________